Друштвото за ревизија, проценка и финансиски консалтинг ЕЛИТ Данче ДООЕЛ Скопје согласно член 26 од Законот за ревизија објавува

# ИЗВЕШТАЈ ЗА ТРАНСПАРЕНТНОСТ ЗА 2010 година

**1.Опис на правната структура и сопственост**

Друштвото за ревизија, проценка и финансиски консалтинг ЕЛИТ Данче ДООЕЛ Скопје е друштво со ограничена одговорност основано од едно лице во 1994 година. Сопственик на друштвото е овластениот ревизор Данче Зографска со сопственичко учество од 100%. Друштвото има добиено дозвола за работа од Министерството за Финансии бр. 11-11927/1-2005.

**2.Опис на професионалната мрежа и правните и структурните аранжмани во мрежата каде што припаѓа**

Друштвото делува на територијата на Република Македонија како локално друштво за ревизија и не припаѓа на меѓународни професионални мрежи. ЕЛИТ Данче ДООЕЛ Скопје дава услуги на комитенти што делуваат на пазарот во Република Македонија. Друштвото е член на Институтот на овластени ревизори на Република Македонија – Скопје.

**3. Опис на управувачката структура**

Во друштвото управител е Данче Зографска, која истовремено е и овластен ревизор и овластен проценител со општо овластување. Во друштвото постојано вработени се Менча Пешиќ како овластен ревизор и Благица Сотировска помошник ревизор.

**4. Опис на внатрешниот систем на контрола**

Внатрешниот систем на контрола на квалитетот на Друштвото за ревизија, проценка и финансиски консалтинг ЕЛИТ Данче ДООЕЛ Скопје е воспоставен во согласност со Меѓународниот стандард за ревизија 220 Контрола на квалитетот на ревизии на историски финансиски записи, во насока дека Друштвото со вработените се придржува на професионалните стандарди и регулативните и правните барања и дека извештаите што се издадени од Друштвото се соодветни во околностите. Друштвото во своето работење доследно се придржува кон постапките на контрола на квалитетот на ревизиите во насока на ефективно функционирање на внатрешниот систем на контрола на квалитет.

**5. Список на субјекти на кои е извршена ревизија во текот на 2010 година**

Алма Комерц ,Алта Виста Брокер, Астра Електроник Компани, Иново брокер, Кам, ВИГО-48, Нотос Скопје, Фортуна, Окитекс, Фламинго, Семак Фешн Компани, Градба Промет, Никоб, Макотен, ТДА Трејд, Јукан петрол и Тори .

**6. Изјава за политиката што ја следи Друштвото за континуирана едукација на овластените ревизори**

Согласно одредбите од Законот за ревизија вработените овластени ревизори имаат обврска да посетуваат обука најмалку 40 часа годишно во рамките на континуираното професионално усовршување заради надградување на знаењето од областа сметководството и ревизијата. Овластените ревизори континуирана едукација остваруваат и преку следење на најнова стручна литература од областа на сметководството и ревизијата.

7. Извештај за остварениот вкупени приходи од работењето на ЕЛИТ ДООЕЛ

| **во илјади денари** | **2010** | **2009** |
|---|---|---|
| Приходи од ревизии на финансиски извештаи | 1,708 | 1,550 |
| Приходи од други ревизорски услуги | 345 | - |
| Други неревизорски приходи | 51 | 4 |
| **ВКУПНО** | **2,104** | **1,554** |

Скопје, Март 2011

УПРАВИТЕЛ
Данче Зографска

Друштво за ревизија, проценка и финансиски консалтинг ЕЛИТ Данче ДООЕЛ Скопје